**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број:02-2308/52
Датум:16.12.2015 г.
СКОПЈЕ

**пречистен текст**

Врз основа на член 46 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 16.12.2015 год. донесе

# ОДЛУКА

за роковите за одбрана на магистерски трудови
на постдипломски студии

1. Студентите запишани на некоја од насоките на постдипломски студии на Факултетот заклучно со учебната 2007/2008 година можат да ги одбранат своите магистерски трудови најдоцна до **15.4.2016 година кога е крајниот рок за промоција 2016.**
2. На студентите од точка 1 на оваа одлука кои во утврдениот рок нема да ги одбранат своите магистерски трудови им престанува статусот на студент на постдипломски студии на Факултетот.
3. Во случај кога студентот сака да продолжи со своите студии може да се префрли на една од студиските програми од втор циклус студии според правилата што важат на денот на запишување на истите.
4. Одлуката да се достави до: ННС, Службата за студентски прашања, продеканот за настава, секретарот, веб страницата на ФЕИТ и архивата.

Декан
Проф. д-р Миле Станковски